**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ**
**ОПШТИНА КОНЧЕ**

**Општина Конче, 2424**
**тел: +389(0)32 630 325/ факс:+389(0)32 630 327**
www.konce.gov.mk/ e mail:opstina.konce@t.mk

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015,193/2015,31/2016 и 163/2016), Градоначалникот на општина Конче објавува

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Јавниот повик се распишува согласно челн 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/2015,31/2016 и 163/2016), во првиот квартал од 2019 година.

- **Во период од 30 дена**, сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од членот 7 од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање.
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко – планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае 30 дена**, сметано од денот на објавата во дневно гласило.
- **Јавниот повик ќе биде објавен** на интеренет страната на Општина Конче, www.konce.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава на службено гласило на општината.
- **Заинтересираните правни и физички лица** иницијативите да ги достават во писмена форма во архива на Општина Конче или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок.
- **За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поденсување на иницијативи.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Конче за 2019 година.
- **Средствата** за прифатените иницијативи за изготвување на потребанта документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Број : 12-339 /1
18.03.2019 год.
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Благој Илиев